KONRAD ADENAUER STIFTUNG

LEAD
Leaders for Education, Activism and Development

КАКВИ МЕРКИ СЕ КРОЈАТ ЗА МЛАДИТЕ?

Анализа на мерките за млади на програмите на политичките партии од парламентарните избори во 2016 година.

ИМПРЕСУМ

Какви мерки се кројат за младите?

Анализа на мерките за млади на програмите на политичките партии од парламентарните избори во 2016 година

Автори:

Александра Филипова
Иван Јованов
Илија Станковски

Издавачи:

Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија
Здружение Лидери за едукација, активизам и развој

За издавачите:

Јоханес Д. Раи, раководител на Претставништвото на Фондацијата Конрад Аденауер во Република Северна Македонија
Иван Јованов, Извршен директор на Здружение Лидери за едукација, активизам и развој

Дизајн:

Кирил Пајмакоски

Тираж: 200 примероци

СОДРЖИНА

Вовед - 1

Младинска политика - 3

Што покажа анализата - 9

ВМРО-ДПМНЕ - 11

ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ - 12

ЛЕВИЦА - 13

ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА - 14

СДСМ - 15

Како се креираат мерките за млади во партиите? - 17

Заклучок и препораки - 21

ВОВЕД

Декларативно младите се високо на агендата на сите политички субјекти во земјава. Но, што тоа всушност значи? Колку се тие вистински предизвик за политичките партии и институциите?

Колку и какви ветувања се правени за нив и во нивно име од страна на политичките партии? Знаат ли младите да ги протолкуваат и препознаат ветувањата и мерките?

Овие прашања беа водилка на нашата анализа, во која се обидовме да ги изброиме и класифцираме мерките за младите луѓе кои беа дадени во 2016 година од страна на политичките партии кои учествуваа на Парламентарните избори. Со оваа анализа се обидуваме да оствариме две цели:

- Да им овозможиме на младите луѓе да го препознаат квалитетот и бројот на мерките кои се нуди за нив, за да бидат во можност да донесат одлука заснована на факти при остварување на нивното гласачко право.

- Да поттикнеме квалитетно креирање на мерки и политики за млади од страна на политичките партии, користејќи ги 11-те индикатори за квалитетна младинска политика на Европскиот младински форум.

Анализата се темели на детално разгледување на програмите на политичките партии. На изборите во 2016 година учествуваа 11 политички субјекти. Оваа анализа опфаќа 5 од нив и тоа:

01 **ВМРО-ДПМНЕ**
(и партиите во коалиција)

02 **Демократски Сојуз**
Коалиција за промени
и правда

03 **Левица**

04 **Либерална партија**

05 **СДСМ**
(и партиите во коалиција)

Останатите 6 политички субјекти немаа официјално достапни програми на нивните веб-страници, ниту пак се одзваа на нашите барања за доставување на програмите за да можат да бидат дел од оваа анализа.

Како ограничување на анализата е фактот дека предвид беа земени мерките кои директно се наменети за млади и се во рамки на индикаторите. Во програмите несомнено има и мерки и области кои на индиректен начин влијаат врз животот на младите луѓе.

Политичките партии се подредени по азбучен ред.

МЛАДИНСКА ПОЛИТИКА

Како да разликуваме краткорочен популизам од структуриран пристап?

Според Совет на Европа, „младинската политика претставува стратегија која цели да создаде услови за учење, можности и искуства, кои ќе им овозможат на младите луѓе да развијат знаења, вештини и компетенции".

Ова овозможува тие да бидат вклучени во демократските текови, да се интегрираат во општеството и да играат активна улога на пазарот на трудот и општеството во целина.

Важно е да се напомене дека младинската политика е пристап кој треба да содржи јасни цели и индикатори кои се меѓусебно поврзани и се во различни области, како на пример: образование, домување, здравство, квалитетно слободно време, култура итн.

Во таа насока, оваа анализа ќе го користи пристапот развиен од Питер Лорицен и Европскиот младински форум „11-те индикатори за младинска политика"[1] кои ги нагласуваат важните сегменти кои една младинска политика треба да ги содржи со цел да биде изградена според потребите и специфичните реалности на младите.

1 Eleven Indicators of a (National) Youth policy, 2007, достапни на следниот линк - https://www.un.org/esa/socdev/unyin/documents/CoE_indicators.pdf

Индикатор 1:
Неформално образование

Како политиките на една институција може да охрабрат и да промовираат активен процес на учење на младите луѓе надвор од формалниот образовен систем?
Младински иницијативи, младински клубови и невладини младински организации кои активно ги вклучуваат младите луѓе на сите нивоа и каде младите луѓе одлучуваат и играат централна улога во развојот на младите како активни граѓани во општеството.

Индикатор 2:
Политика за младински обуки

Институциите треба да промовираат развој на тренери во младинскиот сектор кои потоа ќе делуваат како мултипликатори на знаењата. Затоа, политика за обуки е предуслов за подобро структурирање на невладиниот сектор.

Индикатор 3:
Младинска легислатива

Легислативата на младинското поле треба да биде во линија со другите димензии за проактивни младински политики. Легислативата треба да овозможи и предвиди вклученост на младите луѓе и младинските организации во процесите на донесување на одлуки и да направи законска рамка за ефикасна работа на институциите на младински прашања.

Индикатор 4:
Буџет за млади

Промовирање на одржлив развој на младинскиот сектор, преку алокација на буџет за административни грантови за невладините младински организации и иницијативи за реализација на активности со млади. Тука, специфично се нагласуваат административни и акциски грантови за младинските организации обезбедени од државата.

Индикатор 5:
Политика за младинско информирање

Стратегија за информирање на младите треба да обезбеди транспарентност кон нив. Таква стратегија треба да ги информира младите за сите можности кои тие ги имаат.

Индикатор 6:
Децентрализираност на политиките за млади

Националната младинска политика треба да предвиди акции и чекори кои нема да се спроведуваат само на национално ниво, туку и на повеќе нивоа, со тоа што ќе го предвиди активното вклучување на локалните власти и други чинители засегнати од младинските прашања.

Младинските политики мора да бидат базирани врз истражувањата за младите луѓе. Наодите од истражувањата за млади треба да го одредат фокусот на властите за младите луѓе.

Индикатор 7:
Младинско истражување

Младинските политики мора да промовираат учество на младите на сите нивоа. Поттикнувањето и овозможувањето на активно младинско учество, особено преку младинските невладини организации, мора да се централен елемент на младинските политики.

Индикатор 8:
Учество

Меѓусекторски пристап во градењето на сеопфатни младински политики подразбира и заедничка одговорност и соработка помеѓу различните институции засегнати од младински прашања.

Индикатор 9:
Меѓуминистерска соработка

Индикатор 10:
Иновација

Младинските политики треба да промовираат иновативност преку користење на креативност при надминување на предизвиците, како и стимулирање на иновативност и креативност кај младите луѓе.

Индикатор 11:
Советодавни тела за млади

Со цел да се обезбеди консултација и партнерство помеѓу институциите, од една страна, и младите и младинските организации, од друга, треба да бидат креирани соодветни структури кои ќе имаат мандат да влијаат врз властите во однос на прашања во врска со младите луѓе. Вакви советодавни тела треба да се креираат како на национално, така и на локално ниво.

ШТО ПОКАЖА АНАЛИЗАТА?

Генерално гледано, младите и мерките за млади заземаат многу мало место во програмите на политичките партии, што покажуваат и графиконите подолу. Во графиконот подолу е прикажан бројот на мерки директно наменет за млади во рамки на програмите на секоја од партиите. Процентуално, од вкупниот број на мерки кај ВМРО-ДПМНЕ, мерките за млади опфаќаат 3% од програмата, кај Демократски сојуз 15%, кај Левица 9%, кај Либерална партија 2% и кај СДСМ 5%



Вкупен број на мерки наменети за млади.

КОЛКУ ВСУШНОСТ СЕ МЕРЛИВИ МЕРКИТЕ?

Пример за мерливи и немерливи мерки:

МЕРЛИВА

Ќе направиме реконструкција на сите студентски домови, која ќе вклучува реновирање на собите и кујните, како и изградба на 4 игралишта за рекреирање, во рамки на студентските домови, во рок од две години.

НЕМЕРЛИВА

Ќе ги подобриме условите во студентските домови

Во најголем дел мерките на партиите се мерливи, тоа значи дека истите можат по одреден период да се проверат дали биле остварени или не.

ВМРО-ДПМНЕ

Програмата „Реално“ е напишана на вкупно 516 страници и опфаќа вкупно 1357 проекти[3]. Од нив, вкупно 52 се за младите, односно 3%. За младите се одвоени 17 страници, што исто така опфаќа вкупно 3%.

Карактеристично за мерките во програмата на ВМРО-ДПМНЕ е тоа што во најголем дел од нив (38) е предвиден буџет, што покажува дека мерките се соодветно испланирани.

Друга карактеристика на програмата е тоа што само во една мерка е предвиден индикаторот за легислатива, што може да се протолкува дека мерките кои се предложуваат се „брзи“ мерки и истите не предвидуваат долгорочни решенија, кои опфаќаат системски промени, преку промена на легислатива.

Понатаму, други две области кои исто така опфаќаат по една мерка се советодавните тела и иновацијата. Мерките за формирање на советодавните тела се исклучително важни бидејќи му даваат глас на младиот човек и го поттикнуваат и мотивираат да земе учество во развојот на политиките. Таква мерка се предвидува само преку формирање на локални младински совети и зголемување на младинското учество.

Додека пак единствената мерка која поттикнува иновација е поддршка на спортски таленти преку различни форми, која патем е немерлива.

Најмногу индикатори кои се опфатени со мерките се: Учество (12) и Меѓуминистерска соработка (16). Во делот на учество, најголем дел од мерките предвидуваат вклучување и учество на младите во активности, како средношколски иницијативи, спортски активности и активности од областа на културата. Тоа што недостасува е поттикнување на учество преку младинските невладини организации. Меѓуминистерската соработка е опфатена во третина од мерките. Овој индикатор е многу важен бидејќи создава заедничка одговорност на институциите за реализирање на младинските прашања.

Останатите индикатори кои се средно застапени во мерките се обуките (9), информирањето (8), децентрализацијата (8), истражувањето (8) и неформалното образование (7).

Како генерална опсервација на програмата на ВМРО-ДПМНЕ е дека преовладуваат мерки кои се насочени кон зголемување на вработувањето на младите.

3-Важно е да се напомене дека во оваа програма се напишани проекти, а не мерки и клучни области на работа, што е поразлично, споредбено со програмите на останатите политички партии.

ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ
(Коалиција за промени и правда)

„Промени, правда, прогрес“ е политичката програма на партијата Демократски сојуз креирана за потребите на изборите во 2016 година. Таа е напишана на 45 страници, од кои 38 страници се посветени исклучиво на мерки. Во нив се содржани 133 мерки, од кои 21 се посветени на младите, односно 2 страни. Од мерките 15% се посветени на младите, а од вкупниот број на страници на програмата тоа е 6%.

Анализирајќи ја програмата на Демократскиот сојуз може да се забележи дека за 5 од индикаторите (информирање, истражување, учество, иновација и советодавни тела) не е предвидена ниту една мерка.

Интересно е што половина од мерките (8) го вклучуваат индикаторот легислатива што може да се протолкува дека мерките се насочени кон изнаоѓање на системски и долгорочни решенија за предизвиците на младите. Тука, специфично се предвидуваат стратегии за вработување како и воведување на промени во образованиот систем преку нови предмети. Исто така карактеристично за мерките во програмата е што во најголем дел од мерките (13) е предвиден буџет, што покажува на тоа дека мерките се соодветно испланирани. Слично како и во другите програми и тука не се предвидува специфично наменет буџет за младинските организации и младинскиот сектор генерално.

Понатаму како следна мерка по застапеност е меѓуминистерската соработка (12) како и младинските обуки (7), а како најмалку застапени се неформалното образование (3) и децентрализацијата (3).

Како генерална опцервација на програмата на Демократски сојуз е дека преовладуваат мерки кои се насочени кон зголемување на вработувањето на младите, но и мерки насочени кон образованието.

ЛЕВИЦА

„Искра во мракот“ е скратената верзија на политичката програма на партијата Левица. Скратената програма на оваа партија содржи 20 страни, од кои само 14 страни се мерки кои тие ги предлагаат. Во програмата, која има 132 предлог мерки, само 7 мерки, односно речиси една страна, се посветени на младите. Во проценти тоа изнесува 9% од мерките, односно 0.2% од бројот на страни.

Главна карактеристика на мерките наменети за млади во програмата на Левица е што сите се насочени кон образованието и тоа примарното, секундарното и високото. Отсуството на друг вид на мерки создава впечаток дека останатите потреби на младите не биле земени предвид.

Друга карактеристика е што во најголем број од мерките (5) е предвиден буџет, но земена е предвид и децентрализацијата (5).

Како негативна карактеристика е тоа што 5 индикатори (информирање, истражување, учество, иновација и советодавни тела) не се опфатени со ниту една мерка.

Останатите индикатори се опфатени еднаш или двапати во мерките.

ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА

„Либерална доктрина за консолидирана Македонија“ е програмата на Либералната партија за изборите во 2016 година. Програмата е долга 74 страни, од кои 70 страни се посветени на мерки. Во областа на образованието и младите содржани се вкупно 5 мерки кои се однесуваат исклучиво за млади, додека останатите се посветени на реформи и унапредување на образовниот систем и институциите кои се дел од него. Од вкупно 70 страни, само страна и половина е посветена на младите. Од вкупно 201 мерка, само 2% се посветени на младите, односно 1.5% од бројот на страни.

Програмата на Либералната партија има најслаба застапеност на индикаторите. Од вкупно 11 индикатори, застапени се само 3, и тоа легислатива (3), буџет (2) и меѓуминистерска соработка (1).

Карактеристика на програмата е дека сите мерки за млади се насочени кон образование.

СДСМ

Програмата „План за живот во Македонија“ опфаќа вкупно 264 страници на кои се обработени 685 мерки во 28 различни области. Во областа именувани „Фокус на младите“ се содржани 22 мерки за млади, додека во останатите области се застапени уште 14 мерки кои се наменети за млади. Од вкупно 685 мерки, само 36 мерки се мерки исклучиво наменети за млади, односно 5%. Од вкупно 264 страници, овие мерки се разработени на 16 страници, односно зафаќаат 6% од програмата.[4]

Индикаторот кој преовладува во програмата на СДСМ е децентрализацијата (19). Тука особено е ставен фокус на мерките за вработување како доделување на неповратни средства, намалување на данок за ИКТ компании, формирање на младински театри и спортски школи. Како следен индикатор кој е најзастапен е неформалното образование (15). Добра пракса во овие мерки е што се предвидуваат обуки за поттикнување на младинскиот активизам кој ги вклучува младите во општествени текови, како што се формирање на младински клубови и школи.

Како негативна тенденција во програмата е тоа што 4 од мерките не содржат ниту еден индикатор. Истите се напишани како декларативни одредби од типот на “Заедно со студентите ќе создадеме шанса за плурализам и департизација на студентските организации”.

Следен индикатор по застапеност е буџет (14). Карактеристично за овие мерки кои предвидуваат буџет е тоа што се мерки со кои се планира субвенционирање или директна помош од државата за активности за млади. Тука, како што е впрочем и во другите програми, исто така е важно да се спомене дека отсуствуваат мерки за буџетирање на младинските организации за развој на младинскиот сектор во земјата.

Понатаму, следен индикатор е иновацијата (13), каде се предвидени мерки за поттикнување на претприемничкиот дух кај младите, но и на креативно изразување на младите во областа на културата. Како последен индикатор со значителна застапеност е учеството (10). Тука се предвидуваат мерки за соработка со младински совети, но и вклучување на младите во различни активности во рамки на образованието, но и надвор од него.

Останатите индикатори во програмата и мерките се незначително застапени, а тие се меѓуминистерска соработка (8), информирање (5), обуки (3), советодавни тела (2) и легислатива (1). Во однос на легислативата, исто како и програмата на ВМРО-ДПМНЕ, немањето на истата оддава впечаток на отсуство на долгорочни решенија кои опфаќаат системски промени.

Како генерална опцервација на програмата на СДСМ е дека преовладуваат мерки кои се насочени кон зголемување на вработувањето на младите, но и мерки насочени кон образованието.

4-Важно е да се напомене дека во целата програма форматот и големината на текстот се разликува, а тоа влијае на овие проценти

КАКО СЕ КРЕИРААТ МЕРКИТЕ ЗА МЛАДИ ВО ПАРТИИТЕ?

За потребите на анализата остваривме две длабински интервјуа со претставници на Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ и Социјалдемократската младина на Македонија[5].
Фазите на креирање на мерки се слични со тоа што редоследот се разликува. Во двете партии се содржани следните фази:

01 Процес на истражување и формирање на внатрепартиски комисии.

02 Процес на генерирање на препораки и мерки.

03 Процес на консултација и внатрепартиска дебата.

04 Процес на усвојување.

5-Покана за длабински интервјуа беа испратени до сите 5 политички субјекти опфатени со оваа анализа, но на истата се одзваа само преставниците на УМС на ВМРО-ДПМНЕ и СДММ.

ВМРО-ДПМНЕ

Процес на истражување и формирање на комисии.

Првиот чекот кој се презема е истражување на потребите на младите, како и консултација со засегнатите страни. Притоа, партијата ги зема предвид следниве работи:

1. Бара препораки од меѓународни организации во државата и разгледува извештаи за регионот каде што се вклучени младите;
2. Комуницира со сестрински подмладоци од Европа, каде што се спроведуваат добри практики за млади;
3. Бара мислења од членството, преку средби, анкети и прашалници;
4. Спроведува анкети, преку анкетни агенции, барем еднаш во текот на годината;
5. Реализира средби со млади кои не се членови.

По прибирањето се формира внатрепартиска комисија во рамки на Унијата на млади сили на ВМРО - ДПМНЕ која има за цел да изготви приоритети и мерки за младите.

Процес на генерирање на препораки и мерки.

Земајќи ги предвид податоците од претходната фаза, во рамки на комисијата се дискутираат и се приоретизираат мерките и активностите за млади.

Процес на консултација и внатрепартиска дебата

Следниот чекот е внатрепартиска дебата со партиската комисија задолжена за изготвување на изборна програма и останатите комисии во разни области.

Процес на усвојување

Финалните мерки се усвојуваат и се објавуваат во програмата

СДСМ

Процес на истражување и формирање на комисии

Во овој процес, во партијата се формираат комисии на отворен повик со луѓе кои имаат релевантно искуство и знаења од областа. На состаноците на комисиите од различни области се дискутираат и младинските прашања од конкретната област, за која е комисијата, но и се формира посебна комисија за млади, која е составена од подмладокот на партијата. Комисијата за млади е онаа која го предводи процесот на креирање мерки за млади за програма за избори.
Потоа, се пристапува кон прибирање на податоци за мерките и политките кои се досега спроведени за млади, резултати кои ги дале, буџетските импликации, ефективноста и ефикасноста и текот на сите процеси до дадениот момент, од релевантни институции, како министерства, агенции, Собрание итн,

Процес на генерирање на препораки и мерки.

Врз база прибраните податоци и заклучоците од комисиите се поставуваат приоритети и цели.

Процес на консултација и внатрепартиска дебата

Во следната фаза, се организираат консултативни средби со сите членови на локалните клубови на СДММ, средби со претставници на младинските организации, со претставници на млади од бизнис секторот, млади во социјален ризик, млади од различни етнички групи, организирање на трибини и настани, како и онлајн анкета.
Исто така, комисијата за млади прави десктоп истражување со кое прибира податоци, најдобри практики и политики од другите европски земји, спроведува компаративна анализа на она што е спроведено во другите земји.

Процес на усвојување

Мерките се систематизираат и се организираат од страна на комисијата. Паралелно, се обработуваат и податоците добиени од институциите. Потоа, мерките и програмата за млади се вметнуваат во конечниот документ на Изборната програма на СДСМ, според областите и структурата на самата програма.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Главниот заклучок од оваа анализа е дека мерките за млади во програмите на политичките партии се застапени во многу мал процент. Анализирајќи ги програмите на 5-те партии останува впечатокот дека во најголем дел од мерките отсуствуваат 11-те индикатори за квалитетна младинска политика, што покажува на незапознаеност на политичките субјекти со истите.

При изработка на програмите и мерките за млади во пресрет на парламентарните избори во април 2020 година, би сакале да укажеме на неколку значајни препораки кои би требало да се земат предвид, како од страна на политичките партии, така и од страна на младите како гласачко тело. Истите се со цел на да се зголеми квалитетот на мерките за млади, но и истите да можат да бидат препознаени од страна на младите гласачи.

Младите, како гласачко тело, би требало да внимаваат на следниве работи:

01 Да проверат колкав е фокусот на партиите кон младите, според бројот и квалитетот на мерките што се нудат.

02 Да препознаат кои мерки се мерливи, а кои се немерливи, односно дали истите содржат јасна цел, временска рамка и буџет. Преовладувањето на немерливите мерки укажува на послаб квалитет на истите.

03 Да обратат внимание на долгорочноста на мерките и колку тие можат да го променат животот на младиот човек на долг рок.

Политичките субјекти би требало да внимаваат на следниве работи:

01 При креирање на мерките да ги земат предвид 11-те индикатори за квалитетна младинска политика и застапеноста на сите индикатори во мерките.

02 Младите да ги третираат како посебна категорија во програмите.

03 Земајќи го предвид донесувањето на новиот Закон за младинско учество и младински политики, дел од мерките да бидат наменети за негово имплементирање во пракса.

04 Сите мерки кои се предложуваат да можат да бидат измерени.

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

LEAD

Leaders for Education, Activism and Development